СУГС гимназија
Никола Карев

# ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО

Гимназијата „Никола Карев“ има свои почетоци уште во далечната 1944 година. Тогаш е формирана првата школа за народни учители, односно Учителската школа на македонски јазик „Никола Карев“. Својата настава оваа школа ја започнува во февруари 1945, со 317 ученици, 13 наставници и Илија Панов како нејзин директор. Школата работи полни 19 години, односно до 1963 година. Паралелно со школата, отворен е интернат за учениците и вежбална во која идните учители се подготвувале за својата работа. По земјотресот, школата се преориентирала во Педагошка гимназија. Поради уривањето на објектот, се појавиле потешкотии со просторот и одвивањето на наставата. Но, со голем ангажман, сепак, во 1970 година е предадена новата зграда на Педагошката гимназија „Никола Карев“. Во таа 1970 година, „Никола Карев“ станува гимназија, чии паралелки како такви, полека згаснале во 1984-85 година. Гимназијата во 1988-89 станала училиште за средно образование со биотехнолошка струка. При крајот на осумдесетите години на 20 век, училиштето се трансформирало во училиште за средно образование со природно-математичка струка. Реформите во средното образование повторно го именуваат нашето училиште како гимназија која денеска го носи името Средно училиште на Град Скопје, гимназија „Никола Карев“.